# ХИДРОМАЛ ФЛЕКС

*Двокомпонентна еластична хидроизолација на цементно - полимерна основа*
*Одговара на EN 1504-2: 2.2(C); 8.2(C) и EN 14891*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

За хидроизолација на објекти изложени на позитивен и негативен хидростатски притисок, за изведба на внатрешна и надворешна хидроизолација кај: базени, пречистителни станици, подрумски ѕидни и подни површини, резервоари за техничка вода и вода за пиење, канали, бетонски цевки, шахти, балкони, санитарни јазли, кујни, перални, вкопани бетонски елементи и сл.

## СВОЈСТВА

- двокомпонентен производ, со едноставна подготовка и изведба;
- заштита на бетонот од продор на вода и влага;
- отпорен на позитивен и негативен хидростатски притисок;
- овозможува директно лепење на керамички плочки со градежно лепило;
- може да се употребува во резервоари со вода за пиење;
- се нанесува на влажна подлога;
- одлична адхезија за подлогата;
- способност за премостување на пукнатини при стандардни услови
- еластичен;
- бактериолошки отпорен;
- отпорен на мраз;
- не содржи хлориди;
- економичен;
- нетоксичен;
- едноставна изведба.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | | |
| А компонента | - | сив прашок |
| Б компонента | - | бела течност |
| Однос на мешање | - | 1:1 |
| Густина на замешан материјал | МКС EN 1015-6 | 1,14-1,26 g/cm³ |
| Конзистенција на свежа мешавина | МКС EN 1015-3 | 240±20mm |
| Атхезија | EN 1542 | ≥0,8 MPa |
| Атхезија при термички услови (циклуси на замрзнување и одмрзнување) | EN 13687-3 | ≥0,8 (0,5) MPa |
| Паропропусност | EN ISO 7783-1 | $S_D$<5m - класа I |
| Капиларна апсорпција и пропусливост на вода | EN 1062-3 | w<0,1kg/m² $h^{0.5}$ |
| Јакост на атхезија | EN 14891 | ≥0,5 N/mm² |
| Јакост на атхезија по контакт со вода | EN 14891 | ≥0,5 N/mm² |
| Јакост на атхезија по термичко стареење | EN 14891 | ≥0,5 N/mm² |
| Јакост на атхезија по циклуси мрзнење-одмрзнување | EN 14891 | ≥0,5 N/mm² |
| Јакост на атхезија по контакт со варова вода | EN 14891 | ≥0,5 N/mm² |
| Способнст за премостување на пукнатини при стандардни услови | EN 14891 | ≥0,75 mm |



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р.С. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk



ХИДРОИЗОЛАЦИИ

| | | |
|---|---|---|
| Водонепропусност | EN 14891 | без продор на вода |
| Издолжување до кинење, на 20°C | - | 15% |
| Реакција на пожар | EN 13501-1 | F |
| Температура при вградување | | од 10-35˚C |
| Отворено време за работа | | 3-4h |
| Време на сушење при температура од 20˚C | | |
| површинско сушење | - | 2-3h |
| целосно сушење | - | 24-48h |
| Нанесување на следен слој на 20˚C | - | 6-24h |
| Лепење на плочки, на 20°C | - | по 24h |
| Употреба | | по 7 дена |
| Контакт со вода за пиење | | по 15 дена |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

### ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА

Подлога за изведба на хидроизолацијата од Хидромал Флекс може да биде бетон, цементен малтер, гипс картонски плочи, камен, керамички плочки (без глазура) и тула. Подлогата треба да биде здрава, чиста, цврста, без пукнатини, лабилни делови, постоечки премази, маснотии и прашина. Кај фугираните површини, потребно е фугите помеѓу ѕидаријата или поплочувањето да бидат добро изработени, да немаат пукнатини и да го исполнуваат целосно меѓупросторот помеѓу елементите. Кај подлогите од керамички плочки, задолжително треба да се отстрани глазурата на плочките со брусење на површината.

При изведба хидроизолацијата се препорачува кај конструктивните споеви (хоризонтала и вертикала, под и ѕид) да се изведе заоблен премин (холкер) од Репаратур Малтер Ф, епоксиден кит или споевите да се бандажирааат со АДИНГ самолеплива бутилна трака, со цел да се премости спојот во случај на конструктивни поместувања.

Споевите (прекините) при бетонирање, продорите од инсталациите, продорите од дистанцерите на оплатата и слично, потребно е да се обработат соодветно со Репаратур малтер Ф, АДИНГ самолеплива бутилна трака или со еластичен акрилатен кит Адингакрил, во зависност од деталот или условите на објектот.

При изведба на санации, потребно е да се отстранат сите лабилни делови и подлогата да се исчисти од сите нечистотии и прашина. Доколку конструкцијата има сегрегации и пукнатини, потребно е тие да се санираат со Ексмал, Репаратур Малтер Ф, епоксиден кит, АДИНГ самолеплива бутилна трака или со еластичен акрилатен кит Адингакрил, во зависност од деталот или условите на објектот.

При изведба на хидроизолацијата од Хидромал Флекс, потребно е подлогата претходно да се навлажни со вода.

### ВГРАДУВАЊЕ

Хидромал Флекс се приготвува со додавање на Б компонентата (течноста) во А компонентата (прашокот) при постојано мешање со електричен мешач, со средна брзина (300-500вртежи/min). Материјалот е подготвен за употреба кога мешавината е потполно воедначена.

Нанесувањето е со четка или крзнен валјак во два до три слоја. Нанесувањето на следниот слој е на потполно сув претходен слој, нормално, под 90˚C во однос на претходниот. Временскиот период помеѓу слоевите е од 6-24 часа во зависност од температурата.

Доколку настане механичко оштетување на изведената површина, возможна е едноставна корекција со отстранување на оштетените делови и повторно премачкување на површината.

Обработените површини по вградувањето треба да бидат заштитени од врнежи, ветер и мрзнење во период од најмалку 24h. Температурата при вградување треба биде помеѓу 10°C до 35°C.

За заштита на површините хидроизолирани со Хидромал Флекс, потребно е тие механички да се заштитат со стиропор или цементен малтер. При употреба на Хидромал Флекс на отворени површини и поради неговата неотпорност на УВ зрачење, потребно е да се заштити со керамички плочки, Адингфлекс или друг тип на премаз на водена основа.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р.С. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

www.ading.com.mk

## ПОТРОШУВАЧКА

1,2-1,8 kg/m² (два до три слоја)

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употреба.

## ПАКУВАЊЕ

Пластична канта за сет од 10kg
А компонента – 5kg
Б компонента – 5kg

Сет од 40kg
А компонента – 20kg
Б компонента – 20kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5˚C до 35˚C, заштитен од директно сонце. Рок на употреба: 12 месеци.

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE
2032

АДИНГ АД Скопје,
Новоселски пат (улица 1409) бр.11
1060 Скопје, Северна Македонија
14

GFAB001/7

EN 1504-2:2004
**ХИДРОМАЛ ФЛЕКС**
Премаз за изведба на еластична хидроизолација, за површинска заштита на бетон и контрола на влага

| | |
|---|---|
| Пропустливост на водена пареа | **Класа I, $S_D$ < 5 m** |
| Капиларна апсорпција | **w < 0,1 kg/m²·h$^{0,5}$** |
| Адхезивна јакост со pull-off тест | **≥ 0,8 N/mm²** |
| Реакција на пожар | **Класа F** |
| Опасни супстанции | **Својството не е определено** |

CE
2032

АДИНГ АД Скопје,
Новоселски пат (улица 1409) бр.11
1060 Скопје, Северна Македонија
23

GFAB001/8

EN 14891:2017

**ХИДРОМАЛ ФЛЕКС**

Цементно-полимерен премаз (CM) за изведба на еластична хидроизолација
под керамички плочки поврзани со лепило

| | |
|---|---|
| Почетна јакост на атхезија | **≥ 0,5 N/mm$^2$** |
| Јакост на атхезија по контакт со вода | **≥ 0,5 N/mm$^2$** |
| Јакост на атхезија по термичко стареење | **≥ 0,5 N/mm$^2$** |
| Јакост на атхезија по циклуси мрзнење-одмрзнување | **≥ 0,5 N/mm$^2$** |
| Јакост на атхезија по контакт со варова вода | **≥ 0,5 N/mm$^2$** |
| Водонепропусност | **Без продор на вода и ≤ 20g промена на маса** |
| Способност за премостување на пукнатини при стандардни услови | **≥ 0,75 mm** |

ХИДРОИЗОЛАЦИИ

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување. При ненадеен контакт на производот со кожата треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош.
Пожар: Хидромал флекс е незапалив.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Хидромал флекс се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.